**ПРАВНИ ЗАКЛУЧОЦИ**

**Од одржаните седници на Граѓанскиот оддел на Апелационен суд Битола во 2016 година**

- Во постапка за продажба на недвижност пред извршител, каде на закажаните рочишта за продажба и делба учествуваат и пристапени доверители преку нивните полномошници, на полноошниците адвокати на доверителот им следува зголемување за второ и наредно лице од иста страна само ако истите се полнмошници на повеќе доверители во таа постапка и тоа само за доверителите на кои се полномошници;

- Нема правна основа во спор за надомест на штета судот да определува и утврдува висина на пензија, односно висина на највисоката пензија по Законот за пензиско и инвалидско осигурување;

- Во постапката за извршување при продажба на недвижност со јавно наддавање, со почетна цена пониска од две третини од проценетата вредност предложена од заложен доверител, не треба да се побараат изјави за согласност со предложена почетна цена, од доверителите кои не се странки или учесници во постапката за извршување, но имаат утврдени побарувања во стечајната постапка што се води спрема должникот;

- Во постапката за определување на надоместок за експроприран недвижен имот да се постапува по правното мислење на Врховниот суд на Република Македонија и да се исплатува надоместок за земјиште кое било по вид и карактер во време на одземањето;

- Во споровите од работен однос во кои што како тужители се јавуваат вработените во МВР – полициски службеници, а пак како тужена страна РМ – МВР на РМ, на тужителите им следува право да бараат да се задолжи тужениот на истите да им исплати на име придонеси за пензиско и инвалидско осигурување на претходно утврден паричен надомест на име додаток на плата за прекувремена работа за одреден период, а кои износи се претходно утврдени со правосилна судска пресуда, односно додатокот на плата за прекувремена работа се смета како основица за пресметување и исплата на придонеси за ПИО;

- За обврските на ТП, кои настанале во времето кога физичкото лице било регистрирано како трговец, одговара физичкото лице со целиот свој имот и истото е пасивно легитимирано и од него може да се бара исполнување на тие обврски и после неговото бришење од трговскиот регистер како ТП, како и да се спроведува извршување спрема него за присилна наплата на сите обврски кои ги сторил како ТП, а за кои постои извршна исправа;

- Побарувањата кои произлегуваат од извршена услуга – вештачење од овластено правно лице – медицинска установа по барање на друго правно лице – суд се побарувања кои произлегуваат од промет на услуги и како такви застаруваат во рок од 3 години согласно со член 363 од ЗОО;

- Лицата вработени во судовите, кои вршат технички и помошни работи, а немаат статус на судски службеници, согласно член 78 од Законот за судска служба (Службен весник бр.43/14) и член 44 од истиот закон (Службен весник бр.98/2008), треба да им се утврди плата што е во рамките на платите утврдени за административно – технички судски службеници, во зависност од степенот на образование и работното место на кое се распоредени, со донесување на акти за систематизација од страна на Претседателот на судот, а и после донесување на актите за систематизација;

- Регресот за годишен одмор доспева за плаќање во зависнот од тоа како е уредено во Колективниот договор на гранка – дејност или во поединечните Колективни договори (на ниво на работодавач) и во зависност од тоа кога доспева за плаќање, следува и камата;